РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-967/1
15.12.2021 год.
Валандово

Општина Валандово

# ЗАПИСНИК

од

спроведен електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година

На ден 18.11.2021 година на својата официјална веб страна www.valandovo.gov.mk и официјалната facebook страна на градоначалникот и општината, Општина Валандово објави електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година.

Овој анкетен прашалник траеше од 18.11.2020 – 05.12.2021 година.

Цел на анкетниот прашалник беше поголема вклученост на граѓаните, здруженијата и граѓанските организации во креирање на Буџетот на општината со придонес од свои идеи, предлози и критики.

На анкетниот прашалник имаше шест полиња за одговор и тоа:

- Пол,
- Возраст,
- Национална припадност,
- Населено место,
- Област на проблем, предлог или идеја и
- Опси на проблем, предлог или идеја (во кратки црти);

**Согласно податоците од граѓани кои го пополниле анкетниот прашалник вкупно се добиени 69 одговори на проблеми, предлози или идеи.**

- Според полот, вкупно одговориле 37 мажи и 32 жени.
- Според возраста, 32 одговори се од граѓани кои се под 30 години, 37 одговори се од граѓани кои се помеѓу 30-64 години и нема одговори од лица кои се над 64 години.
- Според националноста, одговори пристигнаа од 60 лица од македонска националност, 6 лица од српска националност и 3 лица од турска националност.
- Според населено место, имаме 34 одговори за/од Валандово, 10 за/од Јосифово, 5 за/од Пирава, по 4 за/од Горна Маала, Удово и Балинци, по 2 за/од Раброво, Брајковци и Калково и по 1 одговор за/од, Грчиште и Башибос.
- Според избраната област, одговори добивме: 15 за млади, спорт и култура, 13 за улици, патишта и тротоари, по 5 одговори за водовод и канализација, паркови и зеленило, образование и екологија, по 4 одговори за кучиња скитници и сообраќајна сигнализација, по 2 одговори за урбана опрема, дивоградби и собирање на смет, 1 за улично осветлување и 6 одговори за друга тема.

**Во повикот за вклучување на граѓаните и организациите е забележано дека сите реално остварливи предлози и идеи ќе бидат разгледани од општинските служби и истите ќе бидат вметнати во самиот Буџет за 2022 година.**

Изработил:
Владимир Лазов

М.П